Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

П Р А В И Л Н И К

за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, Април 2015 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14 и 199/14), Заменик Претседателот на Влада и Министер за финансии на ден 24.04.2015 година донесе

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места во Министерството за финансии

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица) во Министерството за финансии, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во Министерството за финансии се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Министерството за финансии.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Министерството за финансии е во прилог на овој правилник.

II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 1027 работни места на административните службеници (државни/друг вид на службеници/јавни), 46 работни места за помошно технички лица, односно вкупно 1073 работни места, распоредени по организациони единици согласно со Правилникот за внатрешна организација на Министерството за финансии, од кои пополнети се 687 работни места на административните службеници и 44 работни места на помошно технички лица, или вкупно пополнети работни места се 731 распоредени на следниот начин:

Административни службеници		
Ниво	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
А01	1	1
Б01	12	11
Б02	18	14
Б03	36	21
Б04	100	69
В01	244	131
В02	57	17
В03	54	19
В04	272	217
Г01	149	114
Г02	35	29
Г03	9	9
Г04	40	35
Вкупно	1027	687
Помошно технички лица		
А2– Чувар	2	2
А2 – Возач	4	3
А3 – Курир	18	17
работник на приемен пулт	4	4
ВКВ работник за	1	1

одржување опремата		
КВ работник за одржување на опремата	1	1
Координатор на достава - курир	1	1
Хигиеничар	5	5
Умножувач (фотокопирант)	10	10
Вкупно	46	44
Вкупно во Министерство за финансии (административни службеници и помошно технички лица)	1073	731

Член 6

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор за адмнистративните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 7

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за раководните административни службеници од категоријата Б се:

- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити

стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
    - за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
    - за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
    - за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа:
    - а нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ и
    - за нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни комепетенции на напредно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото В4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (A2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни комепетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (A1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни комепетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

III. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Член 10

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 46 работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно со Правилникот за внатрешна организација на Министерството за финансии.

Член 11

Работните места од групата на помошно технички на овој правилник се распоредени на следниот начин:

(одржување на објекти и опрема)

- Ниво А2 – 2 – Чувар
  - 1 – КВ работник за одржување на опремата
  - 1 – ВКВ работник за одржување опремата

(превоз на лица и опрема)

- Ниво А2 – 4 - Возач

(други помошно – технички лица)

- Ниво А3 – 18 – Курир
  - 1 – Координатор на достава - курир
  - 10 - Умножувач (фотокопирант)
  - 4 – Работник на приемен пулт
  - 5 – Хигиеничар

Член 12

Во Министерството за финансии се утврдени 3 работни места на кабинетски службеници во кабинетот на министерот за финансии, како и 3 работни места на кабинетски службеници во кабинетот на заменик на претседателот на Владата и тоа:

1. Кабинетски службеник за прашања поврзани со даночна и царинска политика;
2. Кабинетски службеник за прашања поврзани со буџетска политика;
3. Кабинетски службеник за прашања поврзани со финансиски систем;

4. Кабинетски службеник за прашања од областа на човечки ресурси;
5. Кабинетски службеник за прашања од областа на меѓународни финансии и управување со јавен долг;
6. Кабинетски службеник за прашања од областа на ИПА.

Член 13

Во Министерството за финансии се утврдени 3 работни места на посебни советници во кабинетот на министерот за финансии, како и 3 работни места на посебни советници во кабинетот на заменик на претседателот на Владата и тоа:

1. Посебен советник за прашања поврзани со буџетско и трезорско работење, даночна и царинска политика;
2. Посебен советник за прашања поврзани со меѓународни финансиски односи, управување со јавниот долг, централно финансирање и склучување на договори и управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА;
3. Посебен советник за прашања поврзани со второстепена управна постапка, управни спорови, наплата на побарувања и имотно правни работи;
4. Посебен советник за прашања поврзани со финансиски систем, финансиски прашања и макроекономска политика;
5. Посебен советник за прашања поврзани со јавна внатрешна финансиска контрола, внатрешна ревизија и финансиска инспекција во јавниот сектор;
6. Посебен советник за прашања од областа на човечки ресурси, стратешко планирање, информатика, управување и одржување на имотот на Министерството за финансии.

IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Реден број	1
Шифра	УПР0101А01000
Ниво	А1
Звање	Државен секретар
Назив на работно место	Државен секретар
Број на извршители	1
Одговара пред	Министерот
Вид на образование	
Други посебни услови	
Работни цели	раководење со администртивните службеници, давање на упатства на раководните и другите службеници и вработени во институцијата, решава за правата, обврските и одговорностите на административните службеници согласно со закон
Работни задачи и обврски	– раководи со административните службеници; – дава упатства на раководните и другите службеници и вработени во институцијата, особено во контекст на управувањето со човечките ресурси; – решава за правата, обврските и одговорностите на административните службеници на начин и постапка утврдена со закон; – постапува по обврски доделени од страна на функционерот на органот; – се грижи за квалитетно и навремено извршувањае на обврските на министерството; – презема мерки и дејствија за сите работи за кои има овластување согласно со закон.

Реден број	2
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Кабинетски службеник за прашања поврзани со даночната и царинска политика
Број на извршители	1
Одговара пред	
Вид на образование	
Други посебни услови	
Работни цели	спроведување на сите активности поврзани со координација на организационите единици кои се однесуваат на прашања поврзани со даночна и царинска

	политика
Работни задачи и обврски	– да ги прима, распределува и координира работите во врска со материјали поврзани со даночната и царинска политика; – да го следи извршувањето на задачите од страна на организационите единици за кои е дадено задолжение; – да врши проверка на содржината на материјалот доставен од организационите единици; – да го информира министерот и да даде сопствено мислење за содржината наведена во дадените материјали; – спроведување на материјалите до надлежните организациони единици и надлежни органи.

Реден број	3
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Кабинетски службеник за прашања поврзани со буџетска политика
Број на извршители	1
Одговара пред	
Вид на образование	
Други посебни услови	
Работни цели	спроведување на сите активности поврзани со координација на организационите единици кои се однесуваат на прашања во врска со буџетска политика
Работни задачи и обврски	– да ги прима, распределува и координира работите во врска со материјали поврзани со буџетска политика; – да го следи извршувањето на задачите од страна на организационите единици за кои е дадено задолжение; – да врши проверка на содржината на материјалот доставен од организационите единици; – да го информира министерот и да даде сопствено мислење за содржината наведена во дадените материјали; – спроведување на материјалите до надлежните организациони единици и надлежни органи.

Реден број	4
Шифра	

Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Кабинетски службеник за прашања поврзани со финансиски систем
Број на извршители	1
Одговара пред	
Вид на образование	
Други посебни услови	
Работни цели	спроведување на сите активности поврзани со координација на организационите единици кои се однесуваат на прашања во врска со финансиски систем
Работни задачи и обврски	– да ги прима, распределува и координира работите во врска со материјали поврзани со финансиски систем; – да го следи извршувањето на задачите од страна на организационите единици за кои е дадено задолжение; – да врши проверка на содржината на материјалот доставен од организационите единици; – да го информира министерот и да даде сопствено мислење за содржината наведена во дадените материјали; – спроведување на материјалите до надлежните организациони единици и надлежни органи .

Реден број	5
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Кабинетски службеник за прашања од областа на човечки ресурси
Број на извршители	1
Одговара пред	
Вид на образование	
Други посебни услови	
Работни цели	спроведување на сите активности од областа на човечки ресурси
Работни задачи и обврски	– да ги прима, распределува и координира работите во врска со материјали од областа на човечки ресурси; – да го следи извршувањето на задачите од страна на организационите единици за кои е дадено задолжение; – да врши проверка на содржината на материјалот доставен од организационите единици; – да го информира министерот и да даде сопствено

	мислење за содржината наведена во дадените материјали; – спроведување на материјалите до надлежните организациони единици и надлежни органи.

Реден број	6
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Кабинетски службеник за прашања од областа на меѓународни финансии и управување со јавен долг
Број на извршители	1
Одговара пред	
Вид на образование	
Други посебни услови	
Работни цели	спроведување на сите активности поврзани со меѓународни финансии и управување со јавен долг
Работни задачи и обврски	– да ги прима, распределува и координира работите во врска со материјали од областа на меѓународни финансии и управување со јавен долг – да го следи извршувањето на задачите од страна на организационите единици за кои е дадено задолжение; – да врши проверка на содржината на материјалот доставен од организационите единици; – да го информира министерот и да даде сопствено мислење за содржината наведена во дадените материјали; – спроведување на материјалите до надлежните организациони единици и надлежни органи.

Реден број	7
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Кабинетски службеник за прашања од областа на ИПА
Број на извршители	1
Одговара пред	
Вид на образование	
Други посебни услови	
Работни цели	спроведување на сите активности поврзани со ИПА
Работни задачи и обврски	– да ги прима, распределува и координира работите во врска со материјали од областа на ИПА;

	– да го следи извршувањето на задачите од страна на организационите единици за кои е дадено задолжение; – да врши проверка на содржината на материјалот доставен од организационите единици; – да го информира министерот и да даде сопствено мислење за содржината наведена во дадените материјали; – спроведување на материјалите до надлежните организациони единици и надлежни органи.

Државни советници	
Реден број	8
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за прашања од буџетското работење
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на буџетското работење
Работни задачи и обврски	– врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на буџетската политика и нејзиното регулирање во законски и подзаконски прописи; – дава предлози за унапредувањето на системот на буџетското работење; – иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област; – го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со буџетското работење; – дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од оваа област кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството; – ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; – учествува во преговорите со меѓународните финансиски институции при дефинирањето на

	политиката и прашањата сврзани со буџетот и буџетското работење.

Државни советници	
Реден број	9
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за прашања од меѓународните финансии и хармонизацијата со ЕУ и децентрализираното/индиректно управување со ЕУ фондовите
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на финансиско управување и ефективно функционирање на системите за управување и контрола на ЕУ фондовите, меѓународните финансии и хармонизацијата со ЕУ, како и координација за ефикасно извршување на обврските на Секторите од истата област
Работни задачи и обврски	– врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на меѓународните финансии и хармонизацијата со ЕУ и децентрализираното/индиректно управување со ЕУ фондовите; – ги извршува одговорностите на Националниот координатор за авторизација на ЕУ фондовите; – иницира и предлага ставови по начелни прашања од овие области; – го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со меѓународните финансии и хармонизацијата со ЕУ и децентрализираното/индиректното управување со ЕУ фондовите; – дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од овие области кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството; – ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на

	Министерството; – учествува во преговорите со: меѓународните финансиски институции; меѓународните институции и/или организации; финансиски институции; државни органи или други домашни или странски субјекти при дефинирањето на политиката, а во врска со областите кои ги покрива; – советува и дава насоки за прашања од меѓународните финансии и хармонизацијата со ЕУ и децентрализираното/индиректното управување со ЕУ фондовите; – одговорен е за управување со ИПА сметките и финансиските операции; – одговорен е за законитоста и регуларноста на извршените трансакции пред Европската унија; – одговорен е за ефективно функционирање на системите за управување и контрола на користењето на ЕУ фондовите; – обезбедува ефективни и сразмерни мерки против измама земајќи ги предвид идентификуваните ризици и обезбедува известување на неправилностите до сите релевантни структури; – доставува до Европската комисија Барање за доделување на правото за имплементирање на буџетот на ЕУ, одговорен е за следење на континуираното исполнување на барањата утврдени со рамката за внатрешна контрола од страна на управувачката и оперативните структури и ја известува Европската комисија за секое неисполнување на истите и презема соодветни заштитни мерки во однос на извршените исплати и потпишаните договори; – доставува до Европската Комисија годишна изјава за гаранција/декларација за управувањето.

Државни советници	
Реден број	10
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за прашања од финансискиот систем
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување

	(менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на воспоставување и одржување на ефективно функционирање на управувањето и контролата на финансискиот систем, како и координација за ефикасно извршување на обврските на Секторите од истата област
Работни задачи и обврски	– врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на финансискиот систем (банкарските и небанкарските институции, пазарот на капитал и осигурување), сметководствениот систем и системот на платниот промет; – иницира и предлага ставови по начелни прашања од овие области; – го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со финансискиот систем. – дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од овие области кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството; – ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството.

Државни советници	
Реден број	11
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за прашања од даночниот и царински систем
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на даночниот и царински систем
Работни задачи и обврски	– врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на фискалната политика, даночниот и царинскиот систем;

	– иницира и предлага ставови по начелни прашања од овие области; – го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со даночниот и царинскиот систем; – дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од овие области кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството; – ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; – учествува во преговорите со меѓународните финансиски институции при дефинирањето на фискалната политика и прашањата сврзани со даночниот и царинскиот систем.

Државни советници	
Реден број	12
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за прашања од економска и макроекономска политика
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на економската и макроекономската политика
Работни задачи и обврски	– врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на макроекономската политика; – иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област; – го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со макроекономската политика и планирањето на развојот на краткорочен и среднорочен период; – дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од оваа област кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството;

	– ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; – учествува во преговорите со меѓународните финансиски институции при дефинирањето на макроекономската политика и прашањата сврзани со планирањето и развојот на државата

Државни советници	
Реден број	13
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за прашања од областа на трезорското работење
Број на извршители	3
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на трезорското работење
Работни задачи и обврски	– врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на трезорот и трезорското работење; – иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област; – го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со трезорското работење; – дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од оваа област кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството; – ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; – учествува во преговорите со меѓународните финансиски институции при дефинирањето на политиката и прашањата сврзани со трезорското работење

Државни советници	
Реден број	14
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за нормативно правни и административни прашања
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на нормативно правните и административни прашања
Работни задачи и обврски	– врши најсложени работи и задачи во врска со правните прашања од интерес за Министерството; – иницира и предлага ставови по начелни прашања сврзани со правните работи; – го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството; – дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за правни прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството; – ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; – дава мислења од правен аспект при склучувањето на договори од страна на Министерството со домашни и меѓународни субјекти; – дава мислења за управни и судски спорови во кои како странка се јавува Министерството за финансии.

Државни советници	
Реден број	15
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за управна и судска постапка и наплата на побарувања
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	правни науки

Други посебни услови	
Работни цели	да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на управната и судската постапка и наплата на побарувања
Работни задачи и обврски	– врши најсложени работи и задачи во врска управната постапка од интерес за Министерството; – иницира и предлага ставови по начелни прашања сврзани со управната постапка од областа на даноците и цариниte; – го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството; – дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од областа на управната постапка кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството; – ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; – дава мислења од правен аспект при склучувањето на договори од страна на Министерството со домашни и меѓународни субјекти; – дава мислења за управни и судски спорови во кои како странка се јавува Министерството за финансии и за стечајни постапки или постапки на ликвидација; – советува, изготвува мислења и дава препораки во врска со прашања од областа на наплата на побарувања.

Државни советници	
Реден број	16
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за прашања од областа на стратешкото планирање
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на стратешкото планирање
Работни задачи и обврски	– врши најсложени работи и задачи во врска со

	прашањата што се однесуваат на дефинирањето на стратешкото планирање; – иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област; – го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со инвестициите; – дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од овие области кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството; – ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; – учествува во преговорите со меѓународните финансиски институции при дефинирањето на политиката и прашањата сврзани со стратешкото планирање.

Државни советници	
Реден број	17
Шифра	УПР0101Б01000
Ниво	Б1
Звање	Државен советник
Назив на работно место	Државен советник за управување и одржување на имотот на Министерство за финансии
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	машинство
Други посебни услови	
Работни цели	советува, дава мислења и управува со имотот на министерството
Работни задачи и обврски	– врши најсложени работи и задачи во врска со одржувањето на објектите на министерството и контактира со лицата кои се задолжени за одржување на истите; – го организира отстранувањето на настанати дефекти на техниката и опремата која е поставена во објектите на министерството и контактира со економските оператори кои се избрани за одржување на истите; – самостојно ги следи препораките и упатствата за експлоатација на опремата, согласно со техничката документација од производителот на опремата и техничкото упатство од страна на изведувачот;

	– подготвува материјали и документи кои содржат информации, стручни анализи и предлози за прашања кои се од значење за имотот на Министерството за финансии; – го следи, организира и контролира функционирањето на системот за управување со зградата – БМС (bilding management system); – го советува и известува министерот, заменикот на министерот и државниот секретар за напредокот во спроведувањето на обврските со управувањето и одржувањето на имотот на министерството.

1.Сектор за буџети и фондови	
Реден број	18
Шифра	УПР0101Б02000
Ниво	Б2
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на сектор за буџети и фондови
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Координирање, организирање, обединување и насочување на работата на Секторот
Работни задачи и обврски	– ја организира, обединува и насочува работата на Секторот; одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите од делокругот на Секторот; – непосредно работи на најсложените работи и задачи во Секторот, а особено за подготовката и изработката на Буџетот, ребалансот на Буџетот, законот за извршување на Буџетот, завршната сметка на Буџетот, изготвувањето на анализи, информации и извештаи за извршувањето на Буџетот; – потпишува акти и ја води тековната преписка од надлежност на Секторот за кои е овластен од министерот; – ги распоредува работите и задачите на раководителите на одделенијата во Секторот; – ја дава потребната стручна помош на работниците во работењето и изготвувањето на материјалите; – предлага ставови по начелни системски прашања и

	иницира решавање на одделни прашања; – учествува во работата на телата на Владата и на Собранието на Република Македонија; – се грижи за работната дисциплина на државните службеници во Секторот.

1.Сектор за буџети и фондови	
Реден број	19
Шифра	УПР0101Б03000
Ниво	Б3
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на сектор за буџети и фондови
Број на извршители	3
Одговара пред	Раководителот на сектор
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	му помага на раководителот на Секторот при координирање на работата на Одделенијата во рамки на Секторот
Работни задачи и обврски	– му помага на раководителот на Секторот во давањето потребна стручна помош на раководителите на Одделенијата во работата при вршењето на најсложените работи и задачи и го следи текот на нивното извршување; – изготвува мислења и предлози по прописи од определена област на Буџетот и буџетската политика; – врши стручна обработка на прашањата од значење за уредување на односите со законите и други прописи од областа на Буџетот; – изготвува мислења по предлозите за покренување на постапка за оцена на уставноста и законитоста за прописи од областа на Секторот; – ја следи усогласеноста на прописите од областа на Секторот со Уставот; предлага ставови по начелни системски прашања во врска со проблемите од делокругот на Секторот и иницира нивно решавање; – ги следи и проучува теоретските и практичните искуства во земјата и во странство за работите од областа на Секторот; – изготвува нацрти и предлози на закони, одлуки и други прописи од делокругот на работата на Секторот; – подготвува одговори на пратенички прашања;

	– го заменува раководителот на Секторот со сите негови овластувања и одговорности во случај на негова спреченост и отсутност.

1.Сектор за буџети и фондови	
1.1. Одделение за Буџет и буџетска политика	
Реден број	20
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за Буџет и буџетска политика
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на сектор
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Организирање и координирање на работите во одделението
Работни задачи и обврски	– ги врши најсложените работи и задачи од делокругот на одделението, раководи со одделението, ги организира и ги координира работите во одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување; – ги распоредува работите и задачите на извршителите во одделението и им дава насоки за нивното извршување; – врз основа на оценетите макроекономски параметри и движењата во претходниот период (бруто домашниот производ, инвестиционата, личната и јавната потрошувачка, движењето на цените, девизниот курс итн.) учествува во оцената и ги предлага приходите по видови за наредната и наредните две години на Буџетот на Република Македонија; – учествува во проучувањето, обработувањето и анализирањето на поднесените барања од корисниците на средства од Буџетот и врши процена на трошоците за фискалната година; – учествува во водењето на преговори со корисниците на средства од Буџетот и врши усогласување во рамките на проектираната потрошувачка; – по извршените усогласувања со корисниците учествува во подготвувањето на Буџетот и во концептирањето на буџетската политика, го следи нивното остварување и предлага мерки;

	– го следи извршувањето на приходите по видови и расходите по корисници и намени од аспект на утврдената политика и предлага мерки; – учествува во изготвувањето на нацрти и предлози на закони, одлуки и други прописи од делокругот на работата на Секторот; – подготвува одговори на пратенички прашања; – изготвува мислења, информации и извештаи по програми, закони, одлуки и материјали од Владата и други органи на државната управа.

1.Сектор за буџети и фондови	
1.1. Одделение за Буџет и буџетска политика	
Реден број	21
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В01
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за изготвување на Буџет и буџетска политика
Број на извршители	9
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Подготвување на Централен буџет на Република Македонија
Работни задачи и обврски	– самостојно ги извршува работите и задачите што се однесуваат на учеството во оцената и предлагањето на приходите по видови за наредната и наредните две години на Буџетот на Република Македонија; – учествува во проучувањето, обработувањето и анализирањето на поднесените барања од корисниците на средства од Буџетот и врши процена на трошоците за фискалната година; – самостојно ги извршува работите што се однесуваат на учеството во водење на преговори со корисниците на средства од Буџетот и врши усогласување во рамките на проектираната потрошувачка; – по извршените усогласувања со корисниците учествува во подготвувањето на Буџетот за наредната фискална година, учествува во концептирањето на буџетската политика и нејзините инструменти, го следи нејзиното остварување и предлага мерки; – самостојно го следи извршувањето на приходите по видови и расходите по корисници и намени од аспект на утврдената политика и предлага мерки;

	– учествува во изготвувањето на нацрти и предлози на закони, одлуки и други прописи од делокругот на работата на Секторот; – подготвува одговори на пратенички прашања; – изготвува мислења, информации и извештаи по програми, закони, одлуки и материјали од Владата и други органи на државната управа.

1.Сектор за буџети и фондови	
1.1. Одделение за Буџет и буџетска политика	
Реден број	22
Шифра	УПР0101В02000
Ниво	В2
Звање	Виш соработник
Назив на работно место	Виш соработник за изготвување на Буџет и буџетска политика
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Подготвување на Централен буџет на Република Македонија
Работни задачи и обврски	– ги извршува сложените работи и задачи под упатства и надзор на раководителот на Одделението што се однесуваат на проучувањето, обработувањето и анализирањето на поднесените барања од корисниците на средства од Буџетот и проценатa на трошоците за фискалната година; – учествува во водењето на преговори со корисниците на средства од Буџетот и врши усогласување во рамките на проектираната потрошувачка; – по извршените усогласувања со корисниците помага во подготвувањето на Буџетот за наредната фискална година, учествува во концептирањето на буџетската политика и нејзините инструменти, го следи нејзиното остварување; – го следи извршувањето на приходите по видови и расходите по корисници и намени од аспект на утврдената политика и предлага мерки; – учествува во изготвувањето мислења, информации и извештаи по програми, закони, одлуки и материјали од Владата и други органи на државната управа.

1.Сектор за буџети и фондови

1.1. Одделение за Буџет и буџетска политика	
Реден број	23
Шифра	УПР0101В03000
Ниво	В3
Звање	Соработник
Назив на работно место	Соработник за изготвување на Буџет и буџетска политика
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Подготвување на Централен буџет на Република Македонија
Работни задачи и обврски	– ги извршува поедноставните работи и задачи што се однесуваат на проучувањето, обработувањето и анализирањето на поднесените барања од корисниците на средства од Буџетот и проценатa на трошоците за фискалната година; – присуствува во водењето на преговори со корисниците на средства од Буџетот; – по извршените усогласувања со корисниците помага во подготвувањето на Буџетот за наредната фискална година, во концептирањето на буџетската политика и нејзините инструменти, го следи нејзиното остварување; – учествува во следење на извршувањето на приходите по видови и расходите по корисници и намени од аспект на утврдената политика; – прибира податоци и учествува во изготвувањето мислења, информации и извештаи по програми, закони, одлуки и материјали од Владата и други органи на државната управа.

1.Сектор за буџети и фондови	
1.1. Одделение за Буџет и буџетска политика	
Реден број	24
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за изготвување на Буџет и буџетска политика
Број на извршители	5
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување

	(менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Подготвување на Централен буџет на Република Македонија
Работни задачи и обврски	– ги извршува наједноставните работи и задачи што се однесуваат на проучувањето, обработувањето и анализирањето на поднесените барања од корисниците на средства од Буџетот и проценатa на трошоците за фискалната година; – помага во водењето на преговори со корисниците на средства од Буџетот; – помага во подготвувањето на Буџетот за наредната фискална година, во концептирањето на буџетската политика и нејзините инструменти, го следи нејзиното остварување; – го следи извршувањето на приходите по видови и расходите по корисници и намени од аспект на утврдената политика; – помага во изготвувањето мислења, информации и извештаи по програми, закони, одлуки и материјали од Владата и други органи на државната управа.

1.Сектор за буџети и фондови	
1.2. Одделение за буџети на фондови	
Реден број	25
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за буџети на фондови
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на сектор
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Организирање и координирање на работите во одделението
Работни задачи и обврски	– раководи со Одделението, ги организира и ги координира работите во Одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување; – ги распоредува работите и задачите во Одделението и дава насоки за нивното извршување; – ги врши најсложените работи и задачи од делокругот на Одделението; – врз основа на оценетите макроекономски параметри и

	движењата во претходниот период учествува во оценатa на приходите по видови за буџетите на фондовите; – проучување, обработување, анализирање и оценување на податоците и програмите од корисниците на средства од буџетите на фондовите и усогласување на предложените буџети на фондовите со проектираната потрошувачка; – подготвува ставови и предлози по предложените буџети на фондовите; – го следи извршувањето на приходите по видови и расходите по намени на фондовите; – изготвува мислења по програми, закони, одлуки и материјали од Владата и други државни органи.

1.Сектор за буџети и фондови	
1.2. Одделение за буџети на фондови	
Реден број	26
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за изготвување на буџети на фондови
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	подготвување на Буџетот на фондовите
Работни задачи и обврски	– самостојно ги врши најсложените работи и задачи од делокругот на Одделението; – врз основа на оценетите макроекономски параметри и движењата во претходниот период учествува во оценатa на приходите по видови за буџетите на фондовите; – врши проучување, обработување, анализирање и оценување на податоците и програмите од корисниците на средства од буџетите на фондовите и врши усогласување на предложените буџети на фондовите со проектираната потрошувачка; – учествува во подготвување на ставови и предлози по предложените буџети на фондовите; – самостојно го следи извршувањето на приходите по видови и расходите по намени на фондовите; – изготвува мислења, информации и извештаи по програми, закони, одлуки и материјали од Владата и

	други државни орган.

1.Сектор за буџети и фондови	
1.2. Одделение за буџети на фондови	
Реден број	27
Шифра	УПР0101В02000
Ниво	В2
Звање	Виш соработник
Назив на работно место	Виш соработник за изготвување на буџети на фондови
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	учествува при подготвување на Буџетот на фондовите
Работни задачи и обврски	– врз основа на оценетите макроекономски параметри и движењата во претходниот период учествува во оцената на приходите по видови за буџетите на фондовите; – учествува во проучувањето, обработувањето, анализирањето и оценувањето на податоците и програмите од корисниците на средства од буџетите на фондовите и врши усогласување на предложените буџети на фондовите со проектираната потрошувачка; – учествува при подготвување на ставови и предлози по предложените буџети на фондовите; – го следи извршувањето на приходите по видови и расходите по намени на фондовите; – учествува во изготвувањето на мислења, информации и извештаи по програми, закони, одлуки и материјали од Владата и други државни органи.

1.Сектор за буџети и фондови	
1.2. Одделение за буџети на фондови	
Реден број	28
Шифра	УПР0101В03000
Ниво	В3
Звање	Соработник
Назив на работно место	Соработник за изготвување на буџети на фондови
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	учествува при подготовка на Буџетот на фондовите

Работни задачи и обврски	– врз основа на оценетите макроекономски параметри и движењата во претходниот период помага во оцената на приходите по видови за буџетите на фондовите; – учествува во проучувањето, обработувањето, анализирањето и оценувањето на податоците и програмите од корисниците на средства од буџетите на фондовите и учествува во усогласување на предложените буџети на фондовите со проектираната потрошувачка; – учествува при подготвување на ставови и предлози по предложените буџети на фондовите; – учествува при следење на извршувањето на приходите по видови и расходите по намени на фондовите; – помага во изготвувањето на мислења, информации и извештаи по програми, закони, одлуки и материјали од Владата и други државни орган.

1.Сектор за буџети и фондови	
1.2. Одделение за буџети на фондови	
Реден број	29
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за изготвување на буџети на фондови
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	помага при подготовка на буџетот на фондовите
Работни задачи и обврски	– ги врши наједноставните рутински работи и задачи од делокругот на Одделението; – врз основа на оценетите макроекономски параметри и движењата во претходниот период помага во оцената на приходите по видови за буџетите на фондовите; – помага во проучувањето, обработувањето, анализирањето и оценувањето на податоците и програмите од корисниците на средства од буџетите на фондовите и врши усогласување на предложените буџети на фондовите со проектираната потрошувачка; – помага во подготовката на ставови и предлози по предложените буџети на фондовите; – помага при следењето на извршувањето на приходите по видови и расходите по намени на фондовите;

	– прибира податоци и помага во изготвувањето на мислења, информации и извештаи по програми, закони, одлуки и материјали од Владата и други државни органи.

1.Сектор за буџети и фондови	
1.3. Одделение за буџети на единиците на локалната самоуправа	
Реден број	30
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за буџети на единиците на локалната самоуправа
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на сектор
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Организирање и координирање на работите во одделението
Работни задачи и обврски	– врши работи што се однесуваат на дефинирањето на техничките, програмските и телекомуникационите основи на информациониот систем; – функционирањето на компјутерско-комуникационата опрема за системот и потсистемот; – учествува во управување со базите на податоци и апликативниот софтвер; – обработува податоци; – учествува во спроведување на мерките за безбедност и заштита на информациониот систем и потсистем; – учествува во поврзувањето на компјутерско-комуникационата мрежа од различни производители; – се грижи за поврзувањето на нови корисници во компјутерско-комуникационата мрежа.

10. Сектор за информатика	
10.2 Одделение за информатика-ИТ инфраструктура	
Реден број	286
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за мрежна администрација и ИТ сигурност
Број на извршители	3
Одговара пред	Раководителот на Одделение

Вид на образование	електротехника, информатика, компјутерска техника и информатика
Други посебни услови	
Работни цели	ги врши наједноставните работи во врска со непречено функционирање на целокупната информациско-комуникациска мрежа и обезбедување сигурносни мерки на Интернет пристапните точки
Работни задачи и обврски	– Врши наједноставни работи врз основа на конкретни упатства, насоки со постојан надзор и контрола од раководителот на одделот поврзани со функционирањето на компјутерско-комуникационата опрема; – Помага при планирањето на развојот на информациониот систем, мрежата за пренос на податоци во рамките на Министерството и ја следи нивната реализација; – Помага и ги врши работите на системското инженерство во делот на мрежни системи за обезбедување на оптимални услови за работа на мрежната опрема, за инсталирање на опремата, бекап на софтверот за мрежна опрема и исправноста на опремата и го организира нејзиното одржување; – Помага и ги врши работите за обезбедување мерки на Интернет пристапните точки; – Помага во координирањето на работата на одржување на опремата во која се вклучени сервисни организации.

11.Сектор Кабинет на министерот	
Реден број	287
Шифра	УПР0101Б02000
Ниво	Б2
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на сектор Кабинет на министерот
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	раководи со секторот
Работни задачи и обврски	– ја организира, обединува и насочува работата на Секторот; – одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите од делокругот на

	Секторот; – работи на најсложените работи и задачи во Секторот; – ја води тековната преписка и ги потпишува актите од делокругот на Секторот за кои е овластен од министерот; – ги распоредува работите и задачите на помошниците раководители и раководителите на Одделенијата во Секторот; – ја дава потребната стручна помош на вработените во изготвувањето на материјалите; – предлага ставови по начелни системски прашања и иницира решавање на одделни прашања; – се грижи за работната дисциплина на вработените во Секторот; – ги извршува работите и задачите што се однесуваат на организацијата на работата на Стручниот колегиум и ги закажува и подготвува седниците на Стручниот колегиум; – ја прима и ја разгледува поштата доставена во Секторот, реферира и упатува на обработка до соодветните организациони делови на Министерството.

11.Сектор Кабинет на министерот	
Реден број	288
Шифра	УПР0101Б02000
Ниво	Б2
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на Сектор Кабинет на министерот за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на Сектор
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	му помага на раководителот на секторот за работите што се однесуваат на Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол
Работни задачи и обврски	– му помага на раководителот на сектор во организирање, обединување и насочување на работата

	на Секторот; – одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол; – му помага на раководителот на секторот во врска со распоредувањето на работите и задачите поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол; – ја дава потребната стручна помош на вработените во изготвувањето на материјалите; – предлага ставови по начелни системски прашања и иницира решавање на одделни прашања; – ги извршува работите и задачите што се однесуваат на организацијата на работата на Стручниот колегиум; – му помага на раководителот на секторот при координирање на работата поврзана со Влада на РМ, Собрание на РМ и други државни органи; – ја контролира примената на процедури на работните состаноци и извршувањето на протоколарните задачи.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.1. Одделение за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол	
Реден број	289
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на сектор
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Да раководи со одделението за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол
Работни задачи и обврски	– раководи со Одделението, ги организира и ги координира работите во Одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување; – ги врши најсложените работи и задачи од делокругот на Одделението; – ги распоредува работите и задачите на вработените во Одделението и им дава насоки за нивно извршување; – се грижи за навремено следење и подготвување на материјалите за седници на Владата на РМ и Собранието на РМ; – комуникацира и соработува со другите државни органи; – организира и закажува состаноци и приеми на министерот во државата и во странство; – планира и организира активности поврзани со настани од јавен и затворен карактер; – се грижи за уредна примена на процедури на работните состаноци на министерот, како и други протоколарни работи.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.1. Одделение за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол	
Реден број	290
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за работи поврзани со органите на државната власт
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	поддршка на сите активности поврзани со работата на Одделението за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол
Работни задачи и обврски	– самостојно ги извршува работите и задачите од делокругот на Одделението; – ги извршува работите и задачите од делокругот на Одделението што се однесуваат на примањето на материјалите за и од седниците на Владата на Република Македонија и на нејзините тела; – ја следи реализацијата на програмите за работа на Владата на РМ и на Собранието на РМ; – ги распоредува до организационите облици и ги прибира изготвените мислења и ставови по материјалите за седница на Владата на РМ; – се грижи за навремено умножување и доставување во пропишана форма на материјалите за седниците на Владата на РМ; – ги средува записниците од седниците на Владата на РМ; – ги следи редовно дневните активности на Собранието на РМ и за истите ги известува претпоставените и надлежните сектори; – следи, прима, распоредува и прибира одговори на пратеничките прашања упатени до министерот за финансии.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.1. Одделение за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол	
Реден број	291
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за протоколарни работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) и правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	самостојно ги врши работите и задачите поврзани со протоколот
Работни задачи и обврски	– организира прием на делегации од земјата и странство; – планира и организира активности поврзани со настани од јавен и затворен карактер; – врши подготовка на сите активности поврзани со јавните настапи на министерот во земјата и странство; – се грижи за уредна примена на процедури на работните состаноци; – помага во организирање и закажување на состаноци и приеми кај министерот.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.1. Одделение за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол	
Реден број	292
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за работи од одбраната и за класифицирани информации
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, правни науки или одбрана
Други посебни услови	
Работни цели	Да го советува министерот за работи од одбраната и класифицираните информации
Работни задачи и обврски	– самостојно ги извршува работите и задачите на подготовките за одбрана, а кои се однесуваат на одбраната, заштитата и безбедноста во областа на финансиите;

	– ги подготвува и ги ажурира планските документи за одбрана; – учествува во изготвувањето на Буџетот на Република Македонија за воена состојба; – ги координира работите од одбраната со надлежниот орган на државната управа за одбрана; – ги прима класифицираните информации, ги заведува според законски пропишаниот начин по видови и степен на тајност; – ги предава на задолжените и овластените лица за ракување со класифицирани информации; – се грижи за нивното чување според утврдените стандарди.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.1. Одделение за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол	
Реден број	293
Шифра	УПР0101В02000
Ниво	В2
Звање	Виш соработник
Назив на работно место	Виш соработник за работи поврзани со органите на државната власт
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	ги спроведува работите од делокругот на Одделението за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол
Работни задачи и обврски	– ги извршува работите и задачите од надлежност на Одделението, под упатства и надзор на раководителот на Одделението; – ги извршува работите и задачите што се однесуваат на примањето на материјалите за и од седниците на Владата на РМ и на нејзините тела; – ги распоредува до организационите облици и ги прибира изготвените мислења и ставови по материјалите за седница на Владата на РМ; – се грижи за навремено умножување и доставување во пропишана форма на материјалите за седниците на Владата на РМ; – ги следи редовно дневните активности на Собранието на РМ и за истите го известува раководителот на

	одделение; – води евиденција за навремено одговорени пратенички прашања упатени до министерот за финансии.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.1. Одделение за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол	
Реден број	294
Шифра	УПР0101В03000
Ниво	В3
Звање	Соработник
Назив на работно место	Соработник за билатерална и мултилатерална соработка
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Помага во извршување на сите активности поврзани со билатералната и мултилатералната соработка на Кабинетот и министерот за финансии
Работни задачи и обврски	– ги извршува работите и задачите од делокругот на Одделението што се однесуваат на билатералната и мултилатералната соработка на Министерството со министерства за финансии од други земји; – ги извршува работите и задачите од делокругот на Одделението што се однесуваат на билатералната и мултилатералната соработка на Министерството со меѓународните финансиски институции; – помага во организацијата на работни и протоколарни посети на претставници и делегации од странство; – помага во подготвување на материјалите и се грижи за организацијата на службените патувања на министерот за финансии во странство; – помага во организирање на настани од јавен и затворен карактер.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.1. Одделение за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол	
Реден број	295
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за работи поврзани со Влада на РМ

	и извршување на задачите на надлежниот координатор за акредитација при децентрализирано управување со средствата од ЕУ фондовите
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	се грижи за сите работи поврзани со Владата на РМ, како и за обезбедување на поддршка во извршувањето на Надлежниот Координатор за акредитација при децентрализирано управување со средствата од ЕУ фондовите
Работни задачи и обврски	– помага во извршување на работите и задачите од делокругот на Одделението што се однесуваат на примањето на материјалите за и од седниците на Владата на Република Македонија и на нејзините тела; – помага во реализацијата на програмите за работа на Владата на Република Македонија и на Собранието на Република Македонија и ги распоредува до организационите облици; – ги прибира изготвените мислења и ставови по материјалите за седница на Владата; – се грижи за навремено умножување и доставување во пропишана форма на материјалите за седниците на Владата на Република Македонија; – ги средува записниците од седниците на Владата на Република Македонија; – обезбедува целосна поддршка на Министерот во извршувањето на задачите на Надлежен Координатор за акредитација во системот за децентрализирано управување со средствата од ЕУ фондовите, преку известување до Надлежниот Координатор за Акредитација за исполнувањето на условите и барањата пропишани од страна Европската Комисија (Регулатива 718/2007 за имплементирање на ИПА регулативата, Анекс 1) при доделување на акредитација на Националниот Координатор за Авторизација и Националниот Фонд; – помага во анализирање и следење на ревизорските извештаи добиени од ревизијата на Националниот Координатор за Авторизација и Националниот Фонд од страна на надворешен ревизор, независен од системот за управување и контрола и во согласност со

	меѓународно прифатените стандарди за ревизија; – помага во доделување на акредитација на Националниот Координатор за Авторизација и Националниот Фонд; – подготовка на известување како и целокупна соодветна придружна документација до Европската Комисија за доделената акредитација на Националниот Координатор за Авторизација и Националниот Фонд; – постојано следење на континуираното исполнување на сите барања, со цел да се одржи оваа акредитација; – ги добива и анализира Годишниот план на работа на Ревизорското Тело, годишно мислење од Ревизорското Тело за извршената ревизија на системот за управување и контрола, како и ревизорското мислење на финалниот извештај на трошоци при затварањето на програмите; – ја добива и анализира годишната Изјава за гаранција (декларација) од Националниот Координатор за Авторизација која содржи потврда за ефективното функционирање на системот за управување и контрола, регуларноста и легалноста на трансакциите, како и информација за промените во системот на користење на ЕУ фондовите, врз основа на постојаната супервизија на системот; – информира на Надлежниот координатор за акредитација, за промените во врска со исполнувањето на акредитационите критериуми; – врши проценка на последиците во валидноста на акредитацијата доколку е настаната некоја промена; – подготвува Акционен план за надминување на недостатоците утврдени од страна на ревизорите, Ревизорското тело доколку тие претставуваат опасност за нарушување на акредитационите критериуми; – помага на Надлежниот Координатор за Акредитација во донесувањето на одлука за привремено стопирање или повлекување на акредитацијата; – подготовка на известување, како и целокупна соодветна придружна документација до Европската Комисија за донесената одлука за привремено стопирање или повлекување на акредитацијата на Националниот Координатор за Авторизација и Националниот Фонд.

11.Сектор Кабинет на министерот

11.1. Одделение за работи поврзани со Владата на РМ, Собранието на РМ и другите државни органи и за протокол	
Реден број	296
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за работи поврзани со органите на државната власт
Број на извршители	1
Одговара пред	
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Помага во активности поврзани со органите на државната власт
Работни задачи и обврски	– помага во извршувањето на работите и задачите од надлежност на Одделението, под упатства и надзор на раководителот на Одделението; – помага во извршувањето на работите и задачите што се однесуваат на примањето на материјалите за и од седниците на Владата на РМ и на нејзините тела; – помага при распоредување на мислењата до организационите облици и ги прибира изготвените мислења и ставови по материјалите за седница на Владата на РМ; – се грижи за навремено умножување и доставување во пропишана форма на материјалите за седниците на Владата на РМ; – ги следи редовно дневните активности на Собранието на РМ и за истите го известува раководителот на одделение; – води евиденција за навремено одговорени пратенички прашања упатени до министерот за финансии.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.2. Одделение за поддршка на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар	
Реден број	297
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за поддршка на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на сектор

Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) и правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Да раководи со Одделението за поддршка на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар
Работни задачи и обврски	– раководи со Одделението, ги организира и ги координира работите во Одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување; – ги врши најсложените работи и задачи од делокругот на Одделението; – ги распоредува работите и задачите на вработените во Одделението и им дава насоки за нивно извршување; – врши прием и распоредување на поднесените претставки, предлози и други барања упатени до Министерството за финансии; – врши прием, распоредување и постапување по добиени барања за номинирање на лица од Министерството за финансии за учество на обуки, семинари, работилници, работни групи, работни средби и сл; – комуницира и соработува со други државни органи; – се грижи за уредно примање на предметите во одделението и нивно навремено потпишување.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.2. Одделение за поддршка на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар	
Реден број	298
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за работи непосредно поврзани со министерот
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	самостојно врши работи и задачи непосредно поврзани со министерот
Работни задачи и обврски	– самостојно ги извршува работите и задачите од делокругот на Одделението; – ја води преписката на министерот со надлежните органи и меѓународни финансиски институции;

	– врши детална проверка на материјалите што се доставуваат на потпис и на увид кај министерот; – дава насоки за уредна примена на процедури за материјалите што се доставуваат за потпис; – реферира во врска со доставените предмети за потпишување; – ги прима, подредува и води евиденција за материјалите што ги доставуваат организационите облици на потпис и на увид на министерот; – ги прима, распоредува и постапува по добиени барања за номинирање на лица од Министерството за финансии за учество на обуки, семинари, работилници, работни групи, работни средби и сл.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.2. Одделение за поддршка на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар	
Реден број	299
Шифра	УПР0101В02000
Ниво	В2
Звање	Виш соработник
Назив на работно место	Виш соработник за работи непосредно поврзани со министерот и државниот секретар
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, правни науки или јавна управа и администрација
Други посебни услови	
Работни цели	спроведување на сите активности поврзани со доменот на работата на министерот и државниот секретар
Работни задачи и обврски	– помага во средување на документите и материјалите што се однесуваат на министерот и државниот секретар; – им реферира во врска со доставените документи за потпишување; – води потсетник за работите и задачите што се однесуваат на Стручниот колегиум, организирањето на состаноци и приеми кај министерот и државниот секретар; – ги прима материјалите за седниците на Владата на РМ и на Собранието на РМ и на нивните тела и ги средува за седниците; – ги средува записниците од седниците на Владата на РМ.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.2. Одделение за поддршка на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар	
Реден број	300
Шифра	УПР0101В03000
Ниво	В3
Звање	Соработник
Назив на работно место	Соработник за работи непосредно поврзани со заменикот на министерот
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, правни науки или образование
Други посебни услови	
Работни цели	учествува во работите и задачите што се непосредно поврзани со заменикот на министерот
Работни задачи и обврски	– учествува во извршување на работите и задачите што се однесуваат на материјалите кои организационите облици ги доставуваат до заменикот на министерот за потпис; – врши детална проверка на материјалите што се доставуваат на потпис и на увид кај заменикот на министерот; – дава насоки за уредна примена на процедури за материјалите што се доставуваат за потпис; – реферира во врска со доставените предмети за потпишување; – ги прима, подредува и води евиденција за материјалите што ги доставуваат организационите облици на потпис и на увид на заменикот на министерот; – ја прима, распоредува и води евиденција за поштата на заменикот на министерот; – води евиденција за самостојната архива на заменикот на министерот.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.2. Одделение за поддршка на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар	
Реден број	301
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за работи непосредно поврзани со министерот и државниот секретар
Број на извршители	4

Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Помага во извршување на сите работи поврзани со работата на Одделението
Работни задачи и обврски	– помага во извршување на работите и задачите што се однесуваат на материјалите кои организационите облици ги доставуваат до министерот и државниот секретар за потпис; – помага во вршење детална проверка на материјалите што се доставуваат на потпис и на увид кај министерот и државниот секретар; – помага во реферирање на доставените предмети за потпишување; – ги прима, подредува и води евиденција за материјалите што ги доставуваат организационите облици на потпис и на увид на министерот и државниот секретар; – Ја прима, распоредува и води евиденција за поштата на министерот и државниот секретар; – Води евиденција за самостојната архива на министерот и државниот секретар и ги средува и чува материјалите од седниците на кои присуствувал министерот и државниот секретар и други материјали согласно со прописите за канцелариското работење.

11.Сектор Кабинет на министерот

11.2. Одделение за поддршка на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар

Реден број	302
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за работи непосредно поврзани со заменик министерот
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	економски науки, правни науки или политички науки
Други посебни услови	
Работни цели	Помага во извршување на сите работи поврзани со работата на Одделението
Работни задачи и обврски	– помага во извршување на работите и задачите што се однесуваат на материјалите кои организационите

	облици ги доставуваат до заменик министерот за потпис; – помага во вршење детална проверка на материјалите што се доставуваат на потпис и на увид кај заменик министерот; – помага во реферирање на доставените предмети за потпишување; – ги прима, подредува и води евиденција за материјалите што ги доставуваат организационите облици на потпис и на увид на заменик министерот; – ја прима, распоредува и води евиденција за поштата на заменик министерот; – Води евиденција за самостојната архива на заменик министерот и ги средува и чува материјалите од седниците на кои присуствувал заменик министерот и други материјали согласно со прописите за канцелариското работење; – води потсетник за закажаните состаноци на кои треба да присуствува заменик министерот; – ги закажува состаноците што ги свикува и организира заменик министерот.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.2. Одделение за поддршка на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар	
Реден број	303
Шифра	УПР0101Г01000
Ниво	Г1
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Самостоен референт-технички секретар на заменикот на министерот
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	IV степен гимназија или стручно образование или VI степен
Други посебни услови	
Работни цели	извршува техничко административни работи за потребите на заменикот на министерот
Работни задачи и обврски	– ги средува и ги комплетира материјалите за седниците на кои присуствува заменикот на министерот; – води потсетник за закажаните состаноци; – ги закажува состаноците што ги свикува заменикот на министерот; – ги прима странките и им закажува термини за прием;

	– ја прима и ја подредува поштата и другите материјали; – им дава телефонски врски на заменикот на министерот; – ги средува и чува материјалите од седниците на кои присуствувал заменикот на министерот и други материјали согласно со прописите за канцелариското работење; – води евиденција за користењето на средствата за репрезентација .

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.3. Одделение за преведување, јазична редакција и лекторирање	
Реден број	304
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за преведување, јазична редакција и лекторирање
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на сектор
Вид на образование	наука за книжевноста
Други посебни услови	
Работни цели	раководи со Одделението, ги организира и ги координира работите во Одделението
Работни задачи и обврски	– раководи со Одделението, ги организира и ги координира работите во Одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување; – ги врши најсложените работи и задачи од делокругот на Одделението; – ги распоредува работите и задачите на работниците во Одделението и им дава насоки за нивното извршување; – врши консекутивно преведување во разговори и преговори со делегации; – врши симултано преведување во разговори и преговори со делегации; – врши преведување на закони и подзаконски текстови и други пишани материјали, превод на писмата и другата коресподенција со странство и на одговорите на нив; – јазична редакција и лекторирање на службени материјали и врши други работи во врска со преведување, јазична редакција и лекторирање на англиски јазик.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.3. Одделение за преведување, јазична редакција и лекторирање	
Реден број	305
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за јазична редакција
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	наука за книжевноста
Други посебни услови	
Работни цели	самостојно ги извршува работите што се однесуваат на јазичната редакција
Работни задачи и обврски	– самостојно ги извршува работите кои се однесуваат на јазичната редакција на законските текстови, анализи и информации и други материјали што се изготвуваат во Министерството; – самостојно ги извршува работите кои се однесуваат на јазична редакција на материјалите што се подготвуваат за седниците на Владата и на Собранието на Република Македонија; – самостојно ги извршува работите кои се однесуваат на јазична редакција на материјали што се доставуваат до други органи, организации и установи; – самостојно ги извршува работите кои се однесуваат на конечна редакција на законските и подзаконските текстови за објавување во "Службен весник на Република Македонија; – врши јазична редакција на публикации, билтени и друга стручна литература што ја издава Министерството; – врши јазична редакција на материјалите што се подготвуваат во рамки на министерството, а се за интерна употреба.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.3. Одделение за преведување, јазична редакција и лекторирање	
Реден број	306
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник - преведувач на англиски јазик
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение

Вид на образование	наука за книжевноста
Други посебни услови	
Работни цели	самостојно врши писмен, консекутивен и симултан превод од македонски на англиски јазик и од англиски на македонски јазик
Работни задачи и обврски	– самостојно врши консикутивно и симултано преведување од македонски на англиски јазик на разговорите при престој на странски делегации и поединци во Република Македонија и на делегации и поединци од Република Македонија во странство за работи од делокругот на работата на Министерството; – самостојно врши консикутивно и симултано преведување од англиски на македонски јазик на разговорите при престој на странски делегации и поединци во Република Македонија и на делегации и поединци од Република Македонија во странство за работи од делокругот на работата на Министерството; – самостојно врши преведување на пишани материјали; – самостојно спроведува работи и задачи од делокруг на одделението, а по упатство на раководителот на одделението; – самостојно ги преведува писмата и другата кореспонденција со странство.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.3. Одделение за преведување, јазична редакција и лекторирање	
Реден број	307
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник – преведувач на англиски јазик
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	наука за книжевноста
Други посебни услови	
Работни цели	помага при вршењето на писмен, консекутивен и симултан превод од македонски на англиски јазик и од англиски на македонски јазик
Работни задачи и обврски	– помага при вршењето на консекутивно и симултано преведување од македонски на англиски јазик на разговорите при престој на странски делегации и поединци во Република Македонија и на делегации и поединци од Република Македонија во странство за работи од делокругот на работата на Министерството; – помага при вршењето на консекутивно и симултано

	преведување од англиски на македонски јазик на разговорите при престој на странски делегации и поединци во Република Македонија и на делегации и поединци од Република Македонија во странство за работи од делокругот на работата на Министерството; – врши преведување на поедноставни пишани материјали; – помага во спроведување на рутински работи и задачи од делокруг на одделението, а по упатство на раководителот на одделението; – ги преведува писмата и другата кореспонденција со странство.

11.Сектор Кабинет на министерот	
11.3. Одделение за преведување, јазична редакција и лекторирање	
Реден број	308
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник - преведувач на албански јазик
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	наука за книжевноста
Други посебни услови	
Работни цели	помага при вршење на писмен, консекутивен и симултан превод од македонски на албански јазик и од албански на македонски јазик
Работни задачи и обврски	– помага при вршење на консекутивно и симултано преведување од македонски на албански јазик при прием на странки-припадници на албанската заедница во Република Македонија за работи од делокругот на работата на Министерството; – помага при вршење на консекутивно и симултано преведување од албански на македонски јазик при прием на странки-припадници на албанската заедница во Република Македонија за работи од делокругот на работата на Министерството; – помага при вршење на преведување на пишани материјали; – помага при преведување на писмата и претставките кои до Министерството ги доставиле припадниците на албанската заедница во Република Македонија и во кои тие бараат одговор на албански јазик; – помага во спроведување на рутински работи и задачи од делокруг на одделението, а по упатство на

	раководителот на одделението.

12. Сектор за правни работи	
Реден број	309
Шифра	УПР0101Б02000
Ниво	Б2
Звање	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на сектор за правни работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Државниот секретар
Вид на образование	правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	организирање, обединување и раководење со активностите кои се во надлежност на секторот
Работни задачи и обврски	– ја организира, обединува и насочува работата на Секторот; – одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите од делокругот на Секторот; – непосредно работи на најсложените работи и задачи во Секторот; – ја води тековната преписка и потпишува акти од делокругот на Секторот за кои е овластен од министерот; – ги распоредува работите и задачите на раководителите на Одделенијата во Секторот; – ја дава потребната стручна помош на работниците во изготвувањето на материјалите; – предлага ставови по начелни системски прашања и иницира решавање на одделни прашања; – го координира процесот на воведување на стандардите и инструментите за управување со квалитетот во Министерството; – учествува во работата на телата на Владата и на Собранието на Република Македонија; – се грижи за работната дисциплина на работниците во Секторот.

12. Сектор за правни работи	
Реден број	310
Шифра	УПР0101Б03000
Ниво	Б3
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на сектор за нормативно-

	правни и административни работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на сектор
Вид на образование	правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	му помага на раководителот на Секторот во давањето потребна стручна помош на раководителите на Одделенијата во работата при вршењето на најсложените работи и задачи и го следи текот на нивното извршување
Работни задачи и обврски	– му помага на раководителот на Секторот во давањето потребна стручна помош на раководителите на Одделенијата во работата при вршењето на најсложените работи и задачи и го следи текот на нивното извршување; – изготвува мислења и предлози по прописи; – врши стручна обработка на прашањата од значење за уредување на односите со законите и други прописи; – изготвува мислења по предлозите за покренување на постапка за оцена на уставноста и законитоста за прописи од областа на Секторот; – ја следи усогласеноста на прописите од областа на Секторот со Уставот; – предлага ставови по начелни системски прашања во врска со проблемите од делокругот на Секторот и иницира нивно решавање; – ги следи и проучува теоретските и практичните искуства во земјата и во странство за работите од областа на работните односи; – подготвува одговори на пратенички прашања; – го заменува раководителот на Секторот со сите негови овластувања и одговорности во случај на негова спреченост за работа или отсутност.

12. Сектор за правни работи	
Реден број	311
Шифра	УПР0101Б03000
Ниво	Б3
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на сектор за набавки и општи работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на сектор
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување

	(менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	му помага на раководителот на Секторот во давањето потребна стручна помош на раководителите на Одделенијата во работата при вршењето на најсложените работи и задачи и го следи текот на нивното извршување во врска со набавките и општите работи во Секторот
Работни задачи и обврски	– му помага на раководителот на Секторот во давањето потребна стручна помош на раководителите на Одделенијата во работата при вршењето на најсложените работи и задачи и го следи текот на нивното извршување; – изготвува мислења и предлози по прописи; – врши стручна обработка на прашањата од значење за уредување на односите со законите и други прописи; – ја следи усогласеноста на работата со прописите од областа на јавните набавки и предлага ставови по прашањата од овие области; – подготвува одговори на пратенички прашања; – ја следи динамиката за реализација на јавните набавки; – се грижи за навремено спроведување на набавките; – се грижи за непречено извршување на општите работи во Министерството; – се грижи за обука на вработените во одделението за набаки и општи работи; – го заменува раководителот на Секторот со сите негови овластувања и одговорности во случај на негова спреченост и отсутност, кога за тоа ќе биде определен.

12. Сектор за правни работи	
Реден број	312
Шифра	УПР0101Б03000
Ниво	Б3
Звање	Помошник раководител на сектор
Назив на работно место	Помошник раководител на сектор за слободен пристап до информации од јавен карактер и односи со јавност
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на сектор
Вид на образование	економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
Други посебни услови	

Работни цели	му помага на раководителот на Секторот во давањето потребна стручна помош во работата на раководителот на Одделението за слободен пристап до информации од јавен карактер при вршењето на најсложените работи и задачи и го следи текот на нивното извршување
Работни задачи и обврски	– му помага на раководителот на Секторот во давањето потребна стручна помош во работата на раководителот на Одделението за слободен пристап до информации од јавен карактер при вршењето на најсложените работи и задачи и го следи текот на нивното извршување; – ги проверува изготвените информации и извештаи од областа на слободниот пристап; – врши стручна обработка на прашањата од значење за уредување на односите со законите и други прописи; – ја следи усогласеноста на прописите од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер и поплаките и предлага ставови по прашањата од овие обалсти; – предлага ставови по начелни системски прашања во врска со проблемите од делокругот на Секторот и иницира нивно решавање; – го следи навременото постапување по барањата за пристап до информации од јавен карактер; – одржува комуникација со медиуми и заинтересинаи странки; – се грижи за ажурирање на веб страната на министерството и за навремено објавување на сите релевантни податоци за работата на министерството; – го заменува раководителот на Секторот со сите негови овластувања и одговорности во случај на негова спреченост и отсустност.

12. Сектор за правни работи	
12.1 Одделение за нормативно правни, административни работи и судски постапки	
Реден број	313
Шифра	УПР0101Б04000
Ниво	Б4
Звање	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за нормативно-правни, административни работи и судски постапки
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на сектор
Вид на образование	правни науки
Други посебни услови	

Работни цели	раководи со Одделението и ги организира и координира работите во Одделението
Работни задачи и обврски	– раководи со Одделението, ги организира и ги координира работите во Одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување; – ги врши најсложените работи и задачи од делокругот на Одделението; – ги распоредува работите и задачите на работниците во Одделението и им дава насоки за нивното извршување; – учествува при изготвување на општите акти за правата, обврските и одговорностите на вработените, ја следи нивната примена и врши соодветни изменувања и усогласувања на актите од областа на одделението со законите, колективните договори и другите прописи од оваа област; – изготвува мислења по законите, колективните договори, подзаконските акти и други прописи од областа на работните односи; – изготвува извештаи од областа на работните односи и ги доставува до надлежните органи; – изготвува информации и извештаи од областа на Одделението. – се грижи за навремено постапување по барањата од слободен пристап до информации од јавен карактер – планира и организира медиумски настани; – дава насоки за изготвувањето на акти за архивско и канцелариско работење и – се грижи за правилното архивирање на материјалите што се изготвуваат во Министерството и им дава упатства на работниците во врска со истото.

12. Сектор за правни работи	
12.1 Одделение за нормативно правни, административни работи и судски постапки	
Реден број	314
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за нормативно-правни работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на Одделение
Вид на образование	правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	самостојно ги врши работите и задачите од делокругот

	на Одделението што се однесуваат на нормативните работи
Работни задачи и обврски	– самостојно изготвува мислења по законите, колективните договори и подзаконските акти од областа на работните односи и други правни работи; – самостојно изготвува мислења по информации доставени од работните тела на Владата на РМ; – самостојно изготвува други прописи од областа на работните односи и другите павни работи; – самостојно изготвува извештаи од од делокругот на Одделението што се однесуваат на нормативните работи; – подготвува предлози на нацрти на подзаконски акти и други прописи и акти; – врши истражувања за потребите на одделението. – овозможува на барателите да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и го изготвува годишниот извештај во врска со оваа проблематика.

12. Сектор за правни работи	
12.1.Одделение за нормативно правни, административни работи и судски постапки	
Реден број	315
Шифра	УПР0101В01000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за постапување по правни средства во жалбени постапки и судски спорови
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	правни науки,
Други посебни услови	
Работни цели	Самостојно изготвување на акти за постапување во жалбени постапки и судски спорови
Работни задачи и обврски	– самостојно изготвува иницијативи за поведување на жалбени и судски постапки, изготвува тужби и одговори на тужби, изготвува жалби и одговори на жалби и вонредни правни лекови; – самостојно ги извршува работите и задачите што се однесуваат на комплетирање на предметите во врска со: заведени судски спорови во кои како странка се јавува Министерството за финансии или постапки чиј предмет е од делокругот на надлежност на Министерството за финансии, освен во судските постапки од областа на наплата на побарувања;

	– ги следи и ги применува прописите од надлежност на Одделението; – дава предлози и мислења по однос на предметите кои се однесуваат на жалбени постапки и судски спорови; – соработува со Државното правобранителство на Република Македонија; – присуство на судски расправи кога тоа е неопходно. – ги координира и спроведува работите од надлежност на Министерството за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите; – дава мислења и предлози за промовирање и унапредување на еднаквите можности во рамките на надлежностите на Министерството; – изготвува годишен Извештај за работите од надлежност на Министерството за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите

12. Сектор за правни работи	
12.1 Одделение за нормативно правни, административни работи и судски постапки	
Реден број	316
Шифра	УПР0101В02000
Ниво	В2
Звање	Виш соработник
Назив на работно место	Виш соработник за нормативно - правни работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на Одделение
Вид на образование	правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	ги врши работите и задачите од делокругот на Одделението што се однесуваат на нормативните работи
Работни задачи и обврски	– врши изготвување на мислења по законите, колективните договори и подзаконските акти од областа на работните односи и другите правни работи; – врши изготвување на други прописи од областа на работните односи и другите правни работи; – врши изготвување на извештаи од делокругот на Одделението што се однесуваат на нормативните работи; – врши подготвување предлози на нацрти на подзаконски акти и други прописи и акти; – врши истражувања за потребите на одделението.

12. Сектор за правни работи	
12.1 Одделение за нормативно правни, административни работи и судски постапки	
Реден број	317

Шифра	УПР0101В03000
Ниво	В3
Звање	Соработник
Назив на работно место	Соработник за постапување по правни средства во жалбени постапки и судски спорови
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Учествува во изготвување акти за постапување во жалбени постапки и судски спорови
Работни задачи и обврски	– учествува во изготвување на иницијативи за поведување на жалбени и судски постапки, изготвување тужби и одговори на тужби, изготвување жалби и одговори на жалби и вонредни правни лекови; – учествува во извршување на работите и задачите што се однесуваат на комплетирање на предметите во врска со: заведени судски спорови во кои како странка се јавува Министерството за финансии или постапки чиј предмет е од делокругот на надлежност на Министерството за финансии, освен во судските постапки од областа на наплата на побарувања; – ги следи и ги применува прописите од надлежност на Одделението; – дава предлози и мислења по однос на предметите кои се однесуваат на жалбени постапки и судски спорови; – соработува со Државното правобранителство на Република Македонија.

12. Сектор за правни работи	
12.1 Одделение за нормативно правни, административни работи и судски постапки	
Реден број	318
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за нормативно-правни работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на Одделение
Вид на образование	правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	помага при вршењето на работите и задачите од делокругот на Одделението што се однесуваат на нормативните работи и работните односи
Работни задачи и обврски	– помага при изготвување на мислења по законите,

	колективните договори, подзаконските акти и други прописи од областа на работните односи и други правни работи; – помага при изготвување на мислења по информации доставен од работните тела на Владата на РМ; – помага при изготвување на други прописи од областа на работните односи и други правни работи; – помага при изготвување на извештаи од делокругот на Одделението што се однесуваат на нормативните работи; – помага при подготвување предлози на нацрти на подзаконски акти и други прописи и акти; – врши истражувања за потребите на одделението.

12. Сектор за правни работи	
12.1 Одделение за нормативно правни, административни работи и судски постапки	
Реден број	319
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за постапување по правни средства во жалбени постапки и судски спорови
3.Сектор за управна постапка	
Подрачни одделенија за првостепена управна постапка **3.1. Подрачно одделение за првостепена управна постапка - Чаир**	
Реден број	684
Шифра	УПР0101В04000
Ниво	В4
Звање	Помлад соработник
Назив на работно место	Помлад соработник за првостепена управна постапка
Број на извршители	4
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	спроведува наједноставни управни постапки од имотно-правната област под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен административен службеник и административните службеници од повисоките нивоа
Работни задачи и обврски	– ги спроведува наједноставните управни постапки од надлежност на Управата под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен административен службеник и административните службеници од повисоките нивоа; – помага во изготвувањето на решенија, заклучоци и други поединечни акти; – помага во водењето на управна и друга евиденција за која е надлежна Управата за имотно-правни работи според прописите; – прима странки и им укажува стручна помош од областа на имотно-правната област; – помага при изготвување на извештаи и информации во врска со имотно-правните работи; – помага во водење на електронската евиденција на предметите во системите кои ги користи Управата; – ги следи и применува прописите од областа во која што работи.

3.Сектор за управна постапка
3.1. Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Чаир

Реден број	685
Шифра	УПР0101Г01000
Ниво	Г1
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Самостоен референт за канцелариско, архивско и благајничко работење
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	IV степен гимназија или стручно образование или VI степен
Други посебни услови	
Работни цели	ги врши работите и задачите што произлегуваат од прописите за канцелариското, архивското и благајничкото работење
Работни задачи и обврски	– ги врши работите и задачите што произлегуваат од прописите за канцелариското, архивското и благајничкото работење; – води уписник и евидентни книги за постапките од надлежност на Управата пропишани со закон; – води помошни книги за евиденција за примената и испратената пошта (регистар, интерни доставни книги и др.) ; – води електронска евиденција за предметите во електронските системи кои ги користи Управата; – примената пошта ја отвора, ја заведува во деловодниот протокол и во интерните книги; – ги заведува актите за испраќање, задржува еден примерок за архивирање и се грижи навреме да бидат испратени; – се грижи за навремено испраќање на итните пратки; – по овластување на министерот или лице овластено од министерот ракува со печатите и штембилите на Министерството, ги чува и води сметка да не можат неовластено да се користат; – врши готовински исплати од благајната врз основа на претходно уредно ликвидирани исплатни документи и одобрени исплати; – изготвува сметководствена документација за фактурите и сметките што доаѓаат за наплата во подрачните одделенија и на пропишан образец ги доставува до сметководството на Министерството; – врши и други уплати и подигање на средства по други основи за подрачните одделенија; – ги средува и комплетира досиејата на вработените; – врши пријавување и одјавување на вработените.

3.Сектор за управна постапка	
Подрачни одделенија за првостепена управна постапка **3.1. Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Чаир**	
Реден број	686
Шифра	УПР0101Г01000
Ниво	Г1
Звање	Самостоен референт
Назив на работно место	Самостоен референт - геометар
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	IV степен геодетска насока или VI степен геодетска насока
Други посебни услови	
Работни цели	врши подготвителните дејствија (увид на лице место, преклоп на податоци и сл.) потребни за водење на управната постапка
Работни задачи и обврски	– врши прибирање на техничка документација потребна за водење на управна постапка; – врши увид на лице место и проверка на прибраните податоци и на документацијата со состојбата на самото место за недвижностите и за истото изготвува записник; – врши премерување на самото место кога управната постапка го бара тоа; – учествува во водењето на управната постапка; – врши преклопување на урбанистичките податоци со геодетските податоци; – дава усни појаснувања на странки и на извршителите кои ја водат управната постапка – работи и за други подрачни одделенија каде што нема геометар.

3.Сектор за управна постапка	
Подрачни одделенија за првостепена управна постапка **3.1. Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Чаир**	
Реден број	687
Шифра	УПР0101Г04000
Ниво	Г4
Звање	Помлад референт
Назив на работно место	Помлад референт за канцелариско, архивско и благајничко работење
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на одделение
Вид на образование	IV степен гимназија или стручно образование или VI

	степен
Други посебни услови	
Работни цели	ги врши наједноставните работи и задачи што произлегуваат од прописите за канцелариското, архивското и благајничкото работење
Работни задачи и обврски	– ги врши наједноставните работи и задачи што произлегуваат од прописите за канцелариското, архивското и благајничкото работење; – помага при водење на уписник и евидентни книги за постапките од надлежност на Управата пропишани со закон; – помага при водење на помошни книги за евиденција за примената и испратената пошта (регистар, интерни доставни книги и др.) ; – помага при водење на електронска евиденција за предметите во електронските системи кои ги користи Управата; – примената пошта ја отвора, ја заведува во деловодниот протокол и во интерните книги; – ги заведува актите за испраќање, задржува еден примерок за архивирање и се грижи навреме да бидат испратени; – се грижи за навремено испраќање на итните пратки; – по овластување на министерот или лице овластено од министерот ракува со печатите и штембилите на Министерството, ги чува и води сметка да не можат неовластено да се користат; – врши готовински исплати од благајната врз основа на претходно уредно ликвидирани исплатни документи и одобрени исплати; – изготвува сметководствена документација за фактурите и сметките што доаѓаат за наплата во подрачните одделенија и на пропишан образец ги доставува до сметководството на Министерството; – врши и други уплати и подигање на средства по други основи за подрачните одделенија; – ги средува и комплетира досиејата на вработените; – врши пријавување и одјавување на вработените.

Проектни единици

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.1.Единицата за имплементација на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП	
Реден број	688
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Директор на проектот
Број на извршители	1
Одговара пред	министерот за финансии и претседателот на Координативниот комитет
Вид на образование	Високо образование во полето на економијата, деловната администрација или јавната администрација
Други посебни услови	– Најмалку пет години работно искуство во владини и/или други институции од јавниот сектор, или меѓународни организации или меѓународен приватен сектор, или во невладиниот сектор; – Најмалку три години искуство во областа на управување со проекти; – Добро познавање на македонските државни институции како на централно така и на локално ниво; – Претходно искуство во спроведување на проекти на Светска банка ќе се смета како предност; – Добри комуникациски и социјални вештини; – Течно познавање на македонски и англиски јазик.
Работни цели	
Работни задачи и обврски	– управува со секојдневните активности на МСИП; – го претставува МСИП во односите со владините институции, единиците на локалната самоуправа, меѓународните финансиски институции и други мултилатерални и билатерални донатори; – подготвува долгорочен план на МСИП како и сите измени на планот; – координација на амандманите и промените на Оперативниот Прирачник на Проектот и нивно доставување до Координативниот комитет за одобрување; – иницира ангажирање и/или разрешување на персонал во Единицата во согласност со

	организациските аранжмани опишани во поглавје 3 од ОПП; – доделува работни задачи на персоналот на ЕУП во согласност со соодветните аранжмани опишани во поглавје 3 од ОПП; – иницира постапка за ангажирање на договорна основа, на консултанти потребни за конкретни времени активности; – предлага и организира состаноци на Координативниот комитет; – учествува во сите состаноци на Координативниот комитет без право на глас; – подготвува материјали за состаноците на Координативниот комитет и подготовува и доставува записници од тие состаноци; – обезбедува тесна координација помеѓу техничката помош и инвестициските активности финансирани во рамките на МСИП; – подготвува препораки за Координативниот комитет (Министер за финансии) со цел користење на средствата предвидени како техничка помош за дообработка на конкретни инвестиции односно проекти; – подготвува полугодишни и годишни извештаи за напредок на имплементацијата на Проектот и ги доставува до Координативниот комитет, Владата на Република Македонија, Светска Банка и/или други донатори, како и други периодични извештаи во однос на техничкото или финансиското работење на Проектот, кои може да бидат побарани од страна на Владата на Република Македонија, Светска Банка или некој друг донатор. – воспоставува системи за следење и евалуација, на континуирана основа, на успешноста на инвестициските програми и програмите за техничка помош, и надзор на ефективното спроведување на таквото следење и евалуација.

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.1.Единицата за имплементација на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП	
Реден број	689
Шифра	
Ниво	
Звање	

Назив на работно место	Специјалист за набавки
Број на извршители	1
Одговара пред	Директорот на проектот
Вид на образование	VII1 степен, општествени или технички науки;
Други посебни услови	– Најмалку 3 до 5 години општо/професионално искуство односно 2 години конкретно/релевантно искуство во набавка на стоки, работи, технички и консултантски (ТП) услуги поврзани со спроведување на проекти финансирани од страна на Светска банка или други меѓународни донатори; – Познавање на насоките и постапките во процесите за набавки на Светска банка и Република Македонија; – Познавање на процесот за планирање и спроведување на тендери за стоки, работи, технички и консултантски (ТП) услуги; – Знаење на англиски и македонски јазик; – Работење со компјутери.
Работни цели	
Работни задачи и обврски	– врз основа на МСИП планот за набавки изготвува годишни планови за набавки, како дел од петгодишниот план за набавки на проектот и истите ги доставува на одобрување со Директорот на проектот и Светска Банка; – консолидирање на барања за набавка на стоки, работи, технички и консултантски услуги; – подготовка во соработка со секторските тимови на Проектот, на документи за набавка (на пример: барање за доставување на понуди, стандардна тендерска документација, појаснувања на понудите и можни измени, извештаи од евалуацијата на понудите итн.); добивање на навремени релевантни одобрувања на документите за набавка; – добивање на навремени одобрувања (no-objections) од страна на Светска Банка во однос на документите за набавка; – организирање на објавување на набавките за стоки, работи, технички и консултантски (ТП) услуги потребни за проектот, во UN Development Business и национални весници; – организирање и помагање при спроведување на информативни состаноци пред процесот на подготовка на тендерската документација; спроведување на процесот на отворање на понудите и

	подготвување на записник од отворањето на понудите во согласност со динамиката на евалуацијата на понудите; организирање и поддршка на комисиите за евалуација, учество во комисиите за евалуација (по потреба да ги рационализира напорите за евалуација со тоа што ќе идентификува постојани членови кои би можеле да учествуваат на различни комисии за евалуација во рамките на проектот); обезбедување на соодветно документирање на работата на комисиите и нивните наоди; обезбедување на навремено одобрување на препораките од страна на Директорот на проектот (вклучувајќи по потреба и преглед на Координативниот Комитет на Проектот) и потенцијалните договори; прегледување и изготвување на нацрт договор и добивање на одобрување "no-objection" на извештаите за евалуација и нацрт договорите од страна на Светска Банка; – подготвување на кореспонденција и координирање со Светска Банка, и доставување на примероци од потпишани договори до Светска Банка за олеснување на плаќањето; – помагање со кореспонденцијата и потребните активности со назначената банка за обработка на механизмите за плаќање за нарачаните стоки и овозможување на повлекување на средства од заемот; – следење на напредокот на активностите за набавки и споредување на остварено и предвидено во Планот за набавки; идентификување промени во напредокот, евидентирање на причините и идентификување на корективни активности; доставување на месечни извештаи за сите овие работи до Директорот на проектот; – подготвување и доставување до Светска Банка периодични извештаи за напредокот на набавките, водење на евиденција на завршени, тековни и планирани договори и водење на ажуриран список на договори кои се предмет на преглед дополнително од страна на Светска Банка; – ревидирање на Планот за набавки во кооридинација со вработените во Единицата за управување на проектот, по потреба и доставување до Директорот на Проектот на одобрување и до Светска банка на одобрување доколку е потребно.

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.1.Единицата за имплементација на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП	
Реден број	690
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Специјалист за финансиски менаџмент
Број на извршители	1
Одговара пред	директорот на проектот
Вид на образование	VII1 степен, бизнис администрација, финансии, сметководство
Други посебни услови	– Најмалку 5 години релевантно професионално искуство во финансиски менаџмент; – Искуство во однос на работење со финансиски менаџмент на Светска банка; – Добро познавање на регулативите за финансиски менаџмент на Владата и системи на централно ниво; – Добри комуникациски и социјални вештини; – Компјутерски вештини; – Течно познавање на македонскиот јазик и работно познавање на англискиот јазик; – Да има чисто досие, да не е осудуван и да не се води постапка за проневера.
Работни цели	
Работни задачи и обврски	– дизајнирање, развивање и користење на систем за финансиски менаџмент кој ги вклучува следниве аспекти: – тек на средствата, вклучувајќи политики, постапки и аранжмани за прием на средства од различни извори на Проектот и тек на средствата од проектот до различни субјекти кои вршат спроведување; – сметководствен систем со кој проектот е целосно опфатени т.е. сите извори на средства за проектот (на пример: Влада на Република Македонија и други донатори); и сите употреби на овие средства. Ова вклучува: – подготовка на Контен план: Контниот план ќе се користи за: (а) евидентирање на финансиските податоци во соодветните категории и (б) класифицирање и групирање на финансиските податоци за разните финансиски извештаи.

	Структурата на контниот план треба да предвиди можност за евидентирање на податоци според: (i) Компоненти, под-компоненти и активности на проектот; (iii) Исплатните категории на проектот и (iv) субјекти кои вршат спроведување на проектните активности; – финансиски и сметководствени политики: развиток на едноставни, јасни и транспарентни финансиски и сметководствени политики, кои би се користеле за управување со финансискиот менаџмент и сметководството на Проектот. Тука се вклучуваат како: (i) Сметководствените политики за сметководство и финансиско известување за Проектот; така и (ii) Финансиски политики и постапки, на пример политики и постапки за трансфер на средства и книжење на расходи (вклучувајќи плаќање на аванси, поврат на средства); политики во врска со расходи кои може да се третираат како расходи на Проектот и класификација на овие трошоци во рамките на соодветните категории во Контниот план; – дизајнирање на обрасци за различните сметководствени книги, евиденции и извештаи на пример готовински и банкарски книги, дневници, разни главни книги, пробни биланси; – финансиски и сметководствени постапки. Најважните елементи во рамките на разните постапки се: (i) задоволителен систем на внатрешни контроли и (б) непречено работење на финансискиот систем. Овие постапки треба да вклучуваат стандардни внатрешни проверки/контроли како што е делегирање и разделување на задачите, авторизирање на трансакциите, физичко поседување на средствата, периодични и редовни усогласувања, независни проверки, придржување кон политиките и постапките за набавки на Проектот; – подготвување на буџети: Системот на буџетирање треба да се интегрира во сметководствениот систем за да се овозможи споредба помеѓу буџетите/целите и она што е реално остварено; – подготовка на финансиски проекции: Финансиските проекции треба да се базираат на проектираните програми за работа и она што е реално остварено. Проекциите треба да вклучуваат како краткорочни проекции (да речеме 2 квартали) така и долгорочни

	проекции кои се протегаат на целиот животен циклус на проектот; – следење на набавките и администрирањето на договорите: развивање и спроведување на солиден систем за следење на спроведувањето на набавите за договорите. Овој систем треба да се поврзе со системот за финансиско сметководство во случај тоа да е потребно; – е) финансиско известување: подготвување на различни периодични финансиски извештаи за Министерството за финансии, Светска банка и други засегнати страни. Во финансиските извештаи треба да се обезбедат квалитетни и навремени информации за управувањето со Проектот, субјектите кои вршат спроведување, и други засегнати страни, во однос на успешноста на Проектот. Финансиските извештаи треба исто така да ги вклучуваат сите Извештаи за управување со проектот (финансиски извештаи, извештаи од следењето на резултатите и извештаи за управување со набавките); – поддршка на аранжманите за ревизија: Чување на сите финансиски извештаи и ставање на истите на увид на мисии на Светска Банка и надворешни ревизори; – системот за финансиски менаџмент треба да биде во согласност со релевантните политики на Владата на Република Македонија, како и да биде во согласност со релевантните насоки и оперативните политики на Светската Банка; – водење на сметководството, подготвување и доставување на финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на буџетот и буџетските корисници на Република Македонија.

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.1.Единицата за имплементација на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП	
Реден број	691
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Градежен инженер
Број на извршители	1
Одговара пред	директорот на проектот

Вид на образование	VII1 степен, во областа на градежништво, магистерска диплома би се сметала за предност
Други посебни услови	
Работни цели	– Најмалку 5 години релевантно професионално искуство во подготвување и управување со проекти од областа на инфраструктурата, градежни работи вклучувајќи и изготвување на главни проекти и надзор; – Искуство во работењето со проекти финансирани од страна на Светска банка и познавање на постапките на Светска банка за известување и набавки, би се сметало за предност; – Добро познавање на националните регулативи кои се однесуваат на животната средина, комуналните услуги и набавките преку владини агенции; – Добри комуникациски вештини; – Многу добри компјутерски вештини (Ворд, Ексел, Акцес); – Течно зборување на македонскиот јазик и одлично познавање на Англискиот јазик
Работни задачи и обврски	– техничка помош на потенцијалните клиенти на МСИП за идентификација на инвестициски предлог проекти; – помош при подготовката на физибилити студии во согласност со критериумите опишани во оперативното упатство; – учество во евалуација на резултатите од физибилити студиите; – координација и осигурување на квалитет во однос на подготвувањето на идејните и главните технички проекти и студии; – финално оценување на техничката, финансиската и економската исплатливост на предложените инвестиции, вклучувајќи прегледување на алтернативи со најмали трошоци, економска проценка (пресметка на ВСП односно НТВ, анализа на трошоци и придобивки, итн.), во тесна соработка со Службениците за набавки и финансиски менаџмент; – проверка на усогласеноста на сите инвестициски предлог проекти со регулативите и/или барањата на соодветните министерства во Владата и да осигура дека се прибавени сите потребни дозволи односно лиценци; – подготовка на проектна документација потребна за одобрување на заем или дотација од МСИП од страна на Координативниот комитет на МСИП;

	– помош на Службеникот за набавки во подготвувањето на потребните документи за набавки; – помош на Службеникот за набавки да изврши евалуација на понудите и да ги подготви и склучи договорите за работи и/или набавки на стоки; – теренски надзор над спроведувањето на инвестициските проекти и да обезбеди соодветно управување со договорите за работи и/или набавка на стоки; – подготовка на периодични извештаи за напредокот на спроведувањето на активностите и истите да ги доставува до директорот на МСИП

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.1.Единицата за имплементација на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП	
Реден број	692
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Администратор/Преведувач
Број на извршители	1
Одговара пред	директорот на проектот
Вид на образование	VII1 степен општествени науки
Други посебни услови	– Професионално искуство од најмалку три години; – Познавање на канцелариско работење; – Способност да одржи високо ниво на точност во подготовката и обработката на информациите и документите; – Солидно компјутерско познавање; – Добри комуникациски и социјални способности; – Искуство во работење со меѓународни и регионални институции ќе се смета за предност
Работни цели	
Работни задачи и обврски	– подготовка и примена на политиките на проектната единица; – организирање на активностите на проектната единица и процедурите; – подготовка на извештаи за евиденција на вработените; – комуникација со општини, министерства и останати институции;

	– евиденција на целокупната документација; – преведување на пораки, писма, извештаи, и друга документација поврзана со проектот; – подготовка и организација на состаноци, како и приготвување на записници од истите; – подготовка на првични информации за фисибилити студиите; – периодичен преглед на електронски информации (веб страни на релевантни институции, министерства, агенции) за потребите на проектот; – организирање на одржувањето на средствата на проектната единица и евентуални поправки.

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.1.Единицата за имплементација на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП	
Реден број	693
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Асистент за набавки
Број на извршители	1
Одговара пред	директорот на проектот
Вид на образование	VII1 степен, во областа на градежништвото
Други посебни услови	– Соодветно професионално искуство од најмалку три години; – Познавање на процесот на набавки во Светска Банка и Република Македонија; – Искуство во работењето со меѓународни и регионални институции ќе се смета за предност; – Познавање на процесот на спроведување на набавки на стоки, градежни работи, технички и консултантски услуги; – Добри комуникациски и социјални способности; – Солидно компјутерско познавање (Word,Excel); – Солидно познавање на Англиски јазик и Македонски јазик
Работни цели	
Работни задачи и обврски	– да асистира во процесот на подготовка и дисеминација на тендерска документација за набавка на добра и барања за доставување на понуди до добавувачите во договор со специјалистот за набавка; – прием на документи со кои фирмите изразуваат

	интерес, тендерска документација, технички-финансиски понуди и слично во договор со специјалистот за набавка; – да асистира во процесот на организирање и спроведување на јавно отварање на понуди за набавка на добра, градежни работи и/или услуги; – проследување на понудите до членовите на комисиите за евалуација предложени од институциите во договор со специјалистот за набавка; – да асистира во подготовката како и да подготвува евалуациони извештаи предвидени и дефинирани според правилата на Светска Банка за секој метод на набавка поодделно во договор со специјалистот за набавка; – да асистира во подготовката на нацрт договори дефинирани според правилата на Светска Банка за секој набавен метод поединечно во договор со специјалистот за набавка; – да асистира во финализација на договори во соработка со финансискиот менаџер, инженерот и претставници на институциите за чија цел се врши набавката, како и со избраниот добавувач во договор со специјалистот за набавка; – на асистира во комплетирање и чување на досиеја за извршените набавки кои треба да содржат (копии од отворени повици во локален весник и/или UNDB, тендерска документација, записници од јавно отварање, оригинал и копии од понуди, евалуациони извештаи, жалби, оригинал и копија од склучен договор, банкарски гаранции, копија од целокупната кореспонденција со Светска Банка и добавувачите поврзана со определена набавка); – на асистира во подготовка на годишна програма за работа под водство на Директорот на проектот и градежниот инженер; – набавка на опрема, канцелариски и други видови на материјали за потребите на Единицата за имплементација на проектот и евиденција на инвентарот/опремата на единицата за имплементација; – да обезбеди насоки на назначените комисии за евалуација на целокупниот процес на евалуација; – да асистира во процесот на развој на систем за следење на набавките реализирани на проектот.

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.1.Единицата за имплементација на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП	
Реден број	694
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Асистент за финансии
Број на извршители	1
Одговара пред	директорот на проектот
Вид на образование	Универзитетско образование од областа на економијата, финансиите и сметководството
Други посебни услови	– Минимум соодветно професионално искуство од најмалку три години; – Познавање на процесот на финансиски менаџмент во Светска Банка; – Искуство во финансиско работење; – Познавање на законската финансиска регулатива; – Искуство во работењето со меѓународни и регионални институции ќе се смета за предност; – Добри комуникациски и социјални способности; – Солидно компјутерско познавање (Word,Excel); – Солидно познавање на Англиски јазик и Македонски јазик; – Неосудуваност, да не бил/а инволвиран во проневера.
Работни цели	
Работни задачи и обврски	– асистенција во целокупниот финансиски менаџмент на проектот вклучувајќи сметководство, финансиска оперативa (исплата), финансово известување, буџетирање, планирање, а согласно правилата на Светска Банка и националното законодавство во согласност со специјалистот за финансии; – асистенција при подготовка на извештаи за финансиски менаџмент (ФМР) според правилата на Светска Банка; – асистенција при водење на книга на влезни фактури (по прием на фактура, проверка на точност на општите и финансиските услови наведени во фактурата); – асистенција во развојот на систем на следење на набавките реализирани на проектот согласно годишниот план за набавки, во соработка со Специјалистот за финансии;

	– асистенција при подготовка на финансиски извештаи; – учество во подготовка на годишен работен план/набавки, под водство на Директорот на проектот и специјалистот за финансии; – учество во финализација на договори, а во соработка со Директорот на проектот и Специјалистот за набавки , инженерот и специјалистот за финансии.

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.2.Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ОПРЧР	
Реден број	695
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Раководител на проектна единица за имплементација на ОПРЧР
Број на извршители	1
Одговара пред	министерот за финансии
Вид на образование	240 кредити според ЕКТС или VII1 Општествени науки, бизнис, економија или право
Други посебни услови	најмалку 4 години практично искуство во имплементација на проекти финансирани од меѓународни организации, одлично усмено и писмено познавање на македонскиот и англискиот јазик, работа со компјутери, добри комуникациски и лидерски вештини
Работни цели	
Работни задачи и обврски	– обезбедува координација на активностите на Проектната единица со активностите на одделенијата во Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФСД) во однос на ИПА Компонентата за Развој на човечките ресурси и во согласност со насоки дадени од страна на Раководителот на Сектор за централно финансирање и склучување на договори; – ја следи, обезбедува координација и ја поддржува работата на вработените во – Одделението во согласност со пропишаните внатрешни постапки во рамки на Прирачникот на Секторот ЦФСД; – учествува на состаноци поврзани со

	имплементацијата на Оперативната програма; – учествува на месечните управувачки состаноци, доколку е потребно ; – доставува информации за неправилност на службеникот за – неправилности во ЦФСД и веднаш по појава на сомневање за постоечка неправилност; – обезбедува соодветен и правилен систем за архивирање на сите документи – поврзани со активностите на Проектната единица; – врши редовна проверка на сите документи пред да се достават до – Раководителот на Секторот ЦФСД.

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.2.Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ОПРЧР	
Реден број	696
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Советник за следење на договорите во рамки на ОПРЧР
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на проектната единица
Вид на образование	најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII1 Општествени науки, бизнис, економија или право
Други посебни услови	најмалку 2 години практично искуство во имплементација на проекти финансирани од меѓународни организации, одлично усмено и писмено познавање на македонскиот и англискиот јазик, работа со компјутери, поседување на возачка дозвола
Работни цели	
Работни задачи и обврски	– спроведува проценка на ризикот согласно методологијата на Прирачникот за внатрешни постапки на ЦФСД ; – го подготвува предлог Годишниот план за следење; – го следи напредокот на секој проект со цел да обезбеди дека сите договори се спроведени согласно правилата за склучување на договорот и условите (проверка на проектни извештаи, резултати, подготовка на соодветни листи за проверка, итн); – учествува на воведните состаноци на проектите како

	и на состаноците на надзорните комитети; – ги следи секундарните јавни набаки на грант корисниците за договори со износ од над 10,000.00 евра, или како што е одредено во Прирачникот за – внатрешни постапки на ЦФСД; – спроведува верификација на трошоците направени во рамки на договорите; – учествува на проверки на лице место на договорите и подготвува извештаи; – го проверува барањето за измена на договорот во однос на оправданоста на барањето; – ги проверува листите за следење на операции доставени од линиските министерства; – го подготвува годишниот извештај за имплементација на Оеративната програма; – спроведува административна проверка на листите за идентификација на операции подготвени од линиските министерства; – известување за нерегуларности со пополнување на стандардниот извештај за нерегуларности; – ја организира работата на Секторскиот комитет за следење на имплементацијата на Оперативната програма за следење на човечки ресурси и ги подготвува потребните документи; – подготвува извештаи на барање на Раководителот на Секторот ЦФСД, НАО, НИПАК, и други; и – се грижи за безбедно и правилно чување на сите документи.

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.2.Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ОПРЧР	
Реден број	697
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Советник за финансиска имплементација на ОПРЧР
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на проектна единица
Вид на образование	најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII1 економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	најмалку 2 години практично искуство во имплементација на проекти финансирани од меѓународни организации, одлично усмено и писмено

	познавање на македонскиот и англискиот јазик, работа со компјутери
Работни цели	
Работни задачи и обврски	– подготвува податоци и финансиски проекции за текот на реализацијата на проектите во процесот на подготовка на Буџетот на Република Македонија; – ги подготвува барањата за пренос на средства од сметките на Националниот фонд на сметките на Секторот ЦФСД; – ги проверува фактурите и пропратната документација, и ги подготвува документите за исплата на контракторите; – ги следи извршувањата на плаќањата кон контракторите; – подготвува извештаи за финансиската реализација на проектите; – учествува во контролите на терен на проектите; – го проверува финансискиот дел од тендерската документација, договорите и измените на договорите; – подготвува налози за наплата од контракторите во случај на натплатување или откриени недоследности; – ја подготвува финансиската документација за назначените ревизори и за Европскиот суд на ревизори; – известување за нерегуларности со пополнување на стандардниот извештај за нерегуларности; и – се грижи за соодветно архивирање на документите.

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.2.Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ОПРЧР	
Реден број	698
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Советник за ЕУ јавни набавки за склучување на договори во рамки на ОПРЧР
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководителот на проектна единица
Вид на образование	најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII1 Општествени науки, бизнис или право
Други посебни услови	најмалку 2 години практично искуство во

	имплементација на проекти финансирани од меѓународни организации, одлично усмено и писмено познавање на македонскиот и англискиот јазик, работа со компјутери
Работни цели	
Работни задачи и обврски	– соработува со ИПА Координаторите при подготвување на тендерските досиеја; – подготвува Најава на јавните набавки; – врши проверка на Проектните задачи/техничките спецификации/твининг фишеа/упатства за грант апликанти добиени од ИПА Координаторот; – подготвува тендерска документација за договорите за услуги/набавки/грантови/твининг; – доставува тендерска документација до понудувачите; – дава објаснувања за предвидените огласи за тендери до сите потенцијални – понудувачи согласно ПРАГ правилата; – учествува во работата на комисиите за оценување/ комисиите за претквалификација/ комисиите за избор на твининг партнери без право на глас при што обезбедува транспарентност за време на оценувањето, без при тоа да се вклучи во техничкото или финансиското оценување; – дава совети за начинот на спроведувањето на оценувањето на тендерските понуди; – одговорен е да работи согласно административните, процедуралните и материјални правила на ПРАГ; – подготвува извештаи за оценувањето и од предквалификацијата; – учествува на информативните состаноци во врска со објавените тендери; – по доставено барање се вклучува во преговорите при склучување на договори за услуги/набавки/грантови/твининг; – изготвува договори за услуги/набавки/грантови/твининг, административни налози и анекси на договорите; – одговорен е за регистрирање на исклучоците кои се предвидени со Прирачникот за внатрешните постапки за јавни набавки; – одговорен е за месечното ажурирање на Планот за спроведување на јавните набавки (ПИП) во поглед на распоредот на тендерските постапки, оценувањето на тендерските понуди и доделувањето на договорите и

	изготвува информации во врска со тоа; – одговорен е за ажурирање на Листата за следење на Планот за спроведување на јавните набавки, на квартално ниво во поглед на распоредот на тендерските – постапки, оценувањето на тендерските понуди и доделувањето на договорите и изготвува информации во врска со тоа; – помага во подготовката на предвидувањата за исплатите за договори за услуги/набавки/грантови/твининг, врз основа на постоечки и предвидени задолжувања; – ги архивира сите оригинални тендерски понуди за договори за услуги/набавки/грантови/твининг; – одговорен е за безбедно чување (во печатена и електронска форма) на сите податоци поврзани со спроведувањето на тендерските постапки, склучувањето на договорите и администрирањето на договорите за услуги/набавки/грантови/твининг; – соработува со ИПА Координаторите во врска со ажурирање на состојбата на спроведувањето на програмата; – помага при изготвувањето и проверувањето на Месечниот извештај за напредокот; – редовно го информира раководителот на проектната единица, го известува за настанати проблеми и предлага мерки за нивно решавање; и – помага на одговорното лице за неправилности ВО Секторот ЦФСД во случај на настанати неправилности во рамките на неговата надлежност.

1.Проектни единици во министерството за финансии	
1.2.Проектна единица за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси - ОПРЧР	
Реден број	699
Шифра	
Ниво	
Звање	
Назив на работно место	Советник за контрола на квалитетот
Број на извршители	2
Одговара пред	Раководител на проектна единица
Вид на образование	најмалку 240 кредити според ЕКТС илиVII1 Општествени науки, бизнис или право
Други посебни услови	

Работни цели	најмалку 2 години практично искуство во имплементација на проекти финансирани од меѓународни организации, одлично усмено и писмено познавање на македонскиот и англискиот јазик, работа со компјутери
Работни задачи и обврски	– врши контрола на квалитетот на тендерската документација; – ја проверува усогласеноста на тендерската и другата документација за проектите, која што е поднесена во Секторот ЦФСД, извршената евалуација и подготвените договори со правилата на ЕУ според ПРАГ; – врши проверка на објавата за тендери што се поднесува до Европската комисија за нејзина публикација; – обезбедува усогласеност со ПРАГ правилата во врска со административните, процедуралните и правните барања во текот на тендерската процедура и доколку е потребно има улога на набљудувач во процесот на оценување во рамките на тендерската процедура; – врши анализа на добиените забелешки од Европската комисија во врска со тендерската и друга документација, најдобрите практики, најчестите грешки настанати во ЦФЦД и кај ИПА структурите; – врши контрола на капацитетите во Оперативната структура за ОПРЧР во согласност со Прирачниците за внатрешна постапка на ЦФЦД; и – извршува останати работни задачи во согласност со Прирачниците за внатрешна постапка на Секторот ЦФЦД за контрола на квалитетот и за контрола во Оперативната структура.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и постапка како и при неговото донесување.

Член 15

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, број 01-540/2 од 05.01.2012 година, број 01-540/3 од 02.04.2012 година, број 01-540/4 од 07.09.2012 година, број 01-540/5 од 02.10.2012 година, број 01-540/6 од 25.10.2012 година, број 01-540/7 од 14.11.2012 година, број 01-540/8 од 16.11.2012 година, број 01-540/9 од 04.12.2012 година, број 01-540/10-2012 од 04.02.2013 година, број 01-540/11-2012 од 19.02.2013 година, број 01-540/13-2012 од 01.07.2013 година, број 01-540/15-2012 од 22.08.2013 година, 01-540/16-2012 од 17.09.2013 година, број 01-540/17-2012 од 15.11.2013 година, број 01-540/18-2012 од 18.11.2013 година, број 01-540/19-2012 од 25.12.2013 година, број 01-540/20-2012 од 27.12.2013 година, број 01-2710/1 од 27.01.2014 година, број 01-2710/3 од 31.01.2014 година, број 01-2710/5 од 20.02.2014 година, број 01-2710/6 од 04.04.2014 година, број 01-2710/8 од 10.07.2014 година, број 01-2710/11 од 08.10.2014 година, број 01-2710/12 од 09.10.2014 година, број 01-2710/13 од 30.10.2014 година, број 01-2710/14 од 04.11.2014 година, број 01-2710/15 од 13.11.2014 година, број 01-2710/16 од 14.11.2014 година, број 01-2710/17 од 24.11.2014 година, број 01-2710/18 од 01.12.2014 година, број 01-2710/20 од 04.12.2014 година, број 01-2710/21 од 04.12.2014 година, број 01-2710/22 од 13.12.2014 година, број 01-331/1 од 09.01.2015 година, број 01-331/2 од 26.01.2015 година, број 01-331/4 од 30.01.2015 година и број 01-331/5 од 06.02.2015 година.

Член 16

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

Број 01-7191/2
24-04-2015 година
Скопје

Изработил: Марија Митевска
Проверил: Михајло Михајловски
Одобрил: Гордана Сусулеска Итиќ
Согласен: Игор Димитров